# SEGMENTS OF RURAL TOURISM IN THE MALESHEVO REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Vladimir Kitanov**
University 'Goce Delchev" Stip, Republic of Macedonia vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Abstract:** In the last few years, the importance of rural development has been intensively emphasized and the development of rural tourism, which, as the most recognizable form of tourist services, due to its complexity of services, provides an opportunity for development of rural areas. The development of rural tourism does not require anything special, but a revitalization of the already existing, which gives a new purpose, a new dimension, and that is the touristic. The revitalization of rural areas, in terms of sustainability of the overall development, is a necessary process of preserving the rural areas as primary production areas of food and other goods, specific areas with emphasized natural, traditional, cultural and historical elements, oases of green areas and ecological balance, and finally - as areas of peace and rest of the dynamic and stressful city life.

At a time when there is much talk, writes, discusses the upper boundary of the construction of objects that will be intended for tourism, when creating very strong pressure on the space due to the construction of new facilities, rural tourism in a completely different way tries to unite and organize the space. Rural tourism does not need to build new capacities, on the contrary, it faces challenges AS how to use the existing structures in the best and the most quality way.
**Keywords:** rural tourism, development, segments, natural wealth.

# СЕГМЕНТИ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО МАЛЕШЕВСКИОТ РЕГИОН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Владимир Китанов**
Универзитет "Гоце Делчев", Штип, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Последниве неколку години интензивно се дава значење и се зборува за развојот на руралниот туризам[142], кој како најпрепознатлив посебен облик на туристички услуги, поради својата комплексност на услуги, дава можност за развој на руралните подрачја. Развојот на руралниот туризам не бара ништо посебно ново, туку ревитализација на веќе постоечкото, на кое се дава нова намена, нова димензија, а тоа е туристичката. Ревитализацијата на руралните подрачја, во смисла на одржливост на севкупниот развој, е неопходен процес на зачувување на руралните простори како примарни производни подрачја на храна и останати добра, специфични подрачја со нагласени природни, традициски, културни и историски елементи, оази на зелени површини и еколошка рамнотежа, и на крај – како подрачја на мирот и одморот од динамичниот и стресен градски живот.

Во време кога многу се зборува, пишува, расправа за горната граница на изградба на објекти кои ќе бидат наменети за туризмот, кога се создава многу силен притисок на просторот поради градба на нови капацитети, руралниот туризам на сосема поинаков начин се обидува да го обедини и организира просторот. Руралниот туризам нема потреба од изградба на нови капацитети, туку напротив, се соочува со предизвици ***КАКО*** на најдобар и најквалитетен начин да ги искористи веќе постоечките структури.
**Клучни зборови:** рурален туризам, развој, сегменти, природно богатство.

Процесот на развојот на руралниот туризам, кој е во самиот почеток, претставува голем неискористен потенцијал[143]. Имајќи во предвид дека неговиот развој ќе создаде нови вредности во

[142] Рурален туризам претставува заедничко име за сите посебни облици на туризмот во руралните подрачја.
[143] Светската туристичка организација (UN-WTO)смета дека постои голем потенцијален пазар за руралниот туризам. Сепак, малку истражувања се направени за да се утврди вистинската големина на овој пазар. Се претпоставува дека 3 % или 23 милиони од сите меѓународни туристички патувања се темелат на руралниот туризам, иако кај нас домашната побарувачка за руралниот туризам е скоро непозната, додека во некои земји е доста истакната и значајна(на пример: Германија, Унгарија, Италија, франција, Англија).

руралните подрачја, сметам дека треба да биде во иднина приоритет на сите туристички заедници и да го заземе вистинското место во акционите планирања на нашата држава. Во овој процес на развој, природно е да се појавуваат неброени потешкотии, независно дали се административни, бирократски, организациски, финансиски или други. Потешкотиите се воочуваат во сеуште недефинираната категорија на руралниот туризам, како дејност, големиот број прописи и акти кои го закочуваат брзиот просперитет и поголемите инвестициски циклуси во овој сегмент[144].

При анализа на многу студии, се издиференцираа различни типови на туристи-посетители кои го посетуваат руралниот простор, во зависност од повеќе фактори кои влијаеле при изборот на видот туризам. Такви релевантни сегменти се:

***Еднодневни посетители*** – овој сегмент е од особено значење бидејќи се очекува поголем пораст на побарувачка, во близина на поголемите урбани центри.

***Посетители на краток одмор*** - делење на одморот на повеќе кратки сегменти, како општ тренд е видлив и во руралниот туризам, каде што се бараат повеќе доживувања, за помалку време.

***Семејства со деца*** – за оваа категорија туристи треба посебно да се води грижа во однос на сигурноста, безбедноста на децата и нивната забава.

***Повозрасна популација*** – руралните дестинации се популарни одредишта за повозрасната популација, која ја почиттува руралната традиција, мирот, можноста за лесна рекреација – како што се прошетките. Би требало да се води сметка за посебните потреби на овој сегмент, како што се сигурноста, удобноста и прехрамбените навики/диетални барања.

***Посебни интереси*** – последните неколу години сé поголем е интересот за руралните подрачја помеѓу групите со посебни интереси, како што се велосипедисти или шетачи, но почнува полека да се појавуваат и специјализираните групи, на ено-гастрономи, набљудувачи на птици, љубители на етнологијата и сл.

***Групи*** – овде првенствено мислиме на групи на школски деца, групи со постари лица (разни клубови и здруженија), групи со посебни интереси.

Поради сето горенаведено, се укажа голема потреба од формирање одредена „рамка“, која ќе ги поедностави процедурите во понатамошниот развој на руралниот туризам и да ги подготви сите селски домаќинства пред големиот предизвик што го носи новото време и приближувањето до европските интеграции и усогласување со достигнатите норми на Заедницата. Така, во 2007 година е создадена Националната стратегија за руралниот туризам која претставува насочувач на локалните управи за идните акциони планирања за развој на поединечните општини.

Имајќи во предвид дека руралниот туризам е комплексен вид на туризам, кој се состои од низа видови и подвидови, овде ќе бидат елаборирани видовите кои според мене се најпрепознатливи за руралниот простор, а воедно се и тренд во светот:

1. Еко туризам
2. Туризмот во селските домаќинства,
3. Туризмот во заштитени делови на природата
4. Гастрономски туризам

**Еко туризмот** претставува начин на патување на современите и еколошки свесните туристи кои сакаат да ја заштитат околината на дестинацијата која ја избрале, како и локалната заедница и културното наследство. Со други зборови, таквите туристи не размислуваат на тоа да добијат што повеќе за парите кои ги вложиле, платиле, туку сакаат што помалку да влијаат на подрачјето кое одлучиле да го посетат, притоа внимавајќи и локалната заедница, за возврат да добие приход кој и осигурува егзистенција. Тоа значи дека таквите туристи ќе преферираат конзумација на домашни производи, по можност од еколошка, односно органска природа, како и запознавање со обичаите и културата на населението од тој крај. Многу често ваквиот вид на туризам се врзува со посета на природните вредности, како што се на пример националните паркови. Таквите патници внимаваат и на начинот на превозот до одбраната дестинација, така да, многу од нив ќе ги остават своите автомобили и ќе ги заменат со железница, имајќи во предвид дека таа помалку влијае на загадувањето на околината, за разлика од нивните автомобили.

---

[144] Во Европа, на руралниот простор се посветува особено внимание во последниве 20 години. Тоа го потврдува содржината на Стратегијата за рурална Европа, Европскиот совет за села и мали градови - ECOVAST (1994). Помеѓу другото, во оваа Стратегија стои:„*Руралниот туризам треба да биде унапреден на начин кој е складен со приватноста и капацитетот на подрачјето кое е наменето за прифаќање на гостите“.*

**Туризмот во селските домаќинства** е добро дефиниран сегмент на руралниот туризам кој овозможува на селаните проширување на нивните дејности и збогатување на нивните производи, а претставува само мал дел од руралниот туризам и стопанството воопшто. Сепак, во некои европски земји, влијанието на туризмот во селските домаќинства е доста значаен за туристичките сместувања. За тестирање на можностите на основање на туризмот во селските домаќинства се наведува контролна листа на прашања кои ќе помогнат на заинтересираните да донесат квалитетни одлуки и активности во крајот каде што сакаат да го развиваат овој вид на туризам.

Освен проблемот на осигурување на потребните финансиски средства и условите кои треба да се исполнат за да може да се реализира туризмот во селските домаќинства, најмногу дилеми се јавуваат во заземањето ставови кон традициските важности кои се вградени во новиот туристички производ. Улогата на традицијата во обликувањето на туристичката понуда на селските домаќинства претставува една од многуте специјализирани теми кои се битни за основање и работа на сите туристичко-селски домаќинства. Се поставува прашањето зошто е тоа така? Одговорот треба да го бараме во карактеристичноста на туризмот во селските домаќинства и во очекувањата на туристите да се запознаат со сите традициски обележја во самото домаќинство, но и во пошироката околина, односно во подалечното опкружување. Станува збор за традиција која е сочувана во физички облик: во изгледот на околината, организацијата на населбите, уреденоста на дворовите, изгледот на куќите и нивните внатрешности, но и за традиција која е во нематеријална смисла, во обичаите, легендите, песните, заедништво и многу практични знаења. Токму сочуваноста на традициските важности на руралниот простор и селските домаќинства во него, го одредуваат степенот на нивната туристичка привлечност. Туристите не сакаат да посетуваат рурални простори, ниту пак селски домаќинства на кои ништо не се случува од нивните традиционални начини на живот и работа. Треба да потенцирам дека негувањето на природните убавини на руралниот простор, исто така претстауваат дел од селската традиција.

***Гастрономскиот туризам*** нуди можност туристите да се запознаат и да ги конзумираат сите традиционални јадења и пијалоци, препознатливи за регинот. Медот посебно треба да се промовира во овие краишта, бидејќи алтернативната медицина нуди големи можности за лекување на дишните патишта, поволно делува кај болестите кај крвните садови, бидејќи ја поттикнува циркулацијата на крвта, ја подобрува работата на црниот дроб, се препорачува за смирување, за несоница, за смирување нанадразнетиот нервен и пробавен систем и сл. Посебно за истакнување е малешевскиот компир и малешевското сирење, за кој туристите доаѓаат на еднодневни посети, со цел да ги набават овие прочуени производи.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Ахил Теохаров, *Монографија на манастирот „Св. Архангел Михаил во Берово“,* Манастир „Св. Архангел Михаил“, Берово, 1968.
[2] Bahtijevic F., Siber S., Borovic M., Kapustic: *Organizaciska teorija*. Informator, Zagreb, 1991.
[3] Beeton S: Ekotourism. CSIRO Publishing Paperback, 1998.
[4] Благоја Алексов, *Берово низ просторот и времето (хроника),* Алексов Б., Берово, 2003.
[5] Blaže Ristovski, *Macedonia and the Macedonian people,* SIMAG Holding, Vienna ,1999.
[6] Драган Арсовски, Школството во Пијанец, Европа ‘92, 1999.
[7] Димитар Бојаџиевски, Туризмот во Македонија, Слово, Скопје, 2001.
[8] Душан Нејков; Политика на развојот на туризмот во Југославија; Универзитет во Битола, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 1984.
[9] Група автори: Демографски региони во С.Р. Македонија; Економски институт, Скопје,1971.